## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 15 ДАТА 18.04.2018 ГОДИНА 36

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 15 ДАТА 18.04.2018 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 17.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВА МИЛАНО 2010„ Куманово: Рамадани Шуајб, по член 35/1.
Неџипи Аљдин од ЗФК „Викторија„ од Куманово, по член 36/1.

ФК „ВИКТОРИЈА„ Куманово: Емини Артим, по член 35/1.

ФК „ГОБЛЕН ЈУНИОР„ Куманово: Фазлии Шќиптон, по член 35/1.

ФК „СТУДЕНА ВОДА„ с. Доброшане: Јовановски Мирослав од ЗФК „Куманово 2006„ од Куманово, по член 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 16.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „СЦ ИСТАТОВ 2015„ Нов Дојран, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 17.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РИС“ Битола: Котевски В. Атанас од ФК „Пелистер Трново Магарево„ од с. Трново, по член 35/4.

ФК „ПОБЕДА„ с. Ивањевци: Спироски И. Ангел, по член 35/1.

ФК „ДОСК„ с. Долно Оризари: Ристевски П. Благојче од ФК „Млад Разарач„ од с. Кравари, по член 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 16.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КФГ ГОСТИВАР АД„ Гостивар: Камбери Д. Лабинот, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 17.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕЛАСИЦА„ Струмица: Манолев К. Дејан, Манолев К. Кристијан, Делијевски А. Васил и Танушев А. Бојан, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите Аргиров Доне и Ангеловски Максим од ФК „Академија Пандев АД„ Струмица за ФК „Беласица„ Струмица по член 36/1 бидејќи регистрациите се спротивни од Одлуката на Упавниот одбор на ФФМ бр. 0202-1008/1-4 од 15.04.2014 година (не се регистрираат фудбалери во послелдните 7 кола од распоредот на лигата по сите членови од Правилникот за регистрации на ФФМ освен по член 35/1).

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 16.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛУМ„„ Струга: Аласани Албин, по член 35/1.

ФК „ФЛАМУРТАРИ„ с. Радолишта: Џила Лоринд и Џила Лорис, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница од 17.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалер:**

ФК „НОВА КОЛОНИЈА„ н. Колонија: Стојевски С. Алексеј, Имери К. Идрис, чл.35/1.

ФК „РЖАНИЧИНО„ с. Ржаничино: Петрушев С. Коста, по член 35/1.

ФК „СПОРТ ЕФЕ ВАРДАР„ Скопје: Давчев З. Петар, Стојески З. Дамјан, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фрудбалери при ОФС „Гази Баба„ од Скопје, фудбалерот Ислами Б. Берат од ФК „Металург АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 17.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛАРИН„ с. Небрегово: Алампиевски Б. Марјан, по член 35/1.

ФК „ПЕЛАГОНИЈА„ с. Пашиноруфци: Зекироски Б. Газменд од ФК „Напредок 2016„ од с. Крушеани, по член 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 17.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФЛАМУРТАРИ 2017„ Скопје: Бертан Н. Зејнели, по член 35/1.

ФК „ЊУ ЈОРК„ Скопје: Синани С. Енис, по член 35/1.

ФК „МАКЕДОНИЈА Ѓ.П. 1932 АД„Скопје: Јашари М., Линдит, Лапевски А.Глигор, чл. 35/1.

ФК „ХЕТ ТРИК„ Скопје: Лука Ж. Наумовски, Марко О.Стојановски, Оџаклиевски Ж.Марко Матеја А.Трајковска, Леон М. Цимбуровски, Марио М. Цимбуровски, Давор Д. Шегмановски, по член 35/1.

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Ико Ташов и Азизи Ќ. Суад, по член 35/1.

ФК „ШКУПИ„ Скопје: Енуз Ј.Дијар, Рамадани А. Арт, Бектешовски Е. Алиџан, чл. 35/1. Бајрами М. Амар од ФК „Албарса„ од Скопје, по член 36/1.

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Алију Ф. Енсар од ФК „Абарса„ Скопје, по чл. 35/2.

ФК „САРАЈ„ Скопје: Биљаљи Мелфат, Адили Ерјон, Муртезани Ехад, Џафери Мухамед, Дервиши Бурак, Мурати Далиф, Асан Иљас, Муртезани М. Бењамин, Муртезани Валмир, Бајрами Берин, Бајрами Амел, Ајрула Саит, Билали Ерблин, Абдулахи Хамза, Фазлии Аган, Јонузи Ледион, Фаризи Гојарт, Салихи Амар, по член 35/1.

ФК „ШИШЕВО„ с. Шишево: Небојша Трајковски, по член 35/1.
ФК „АЛБАРСА„ Скопје: Албијон Б. Дерњани, по член 35/1.
Љимани И. Њусјани од ФК „Шкупи„ од Скопје, по член 36/1.

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира Здружение на граѓани Фудбалски клуб „Влае„ од Скопје, согласно Решението на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 7273061 од 05.04.2018 година, со седиште на улица „Војвода Васил Чакаларов„ број 88 Скопје.

Се задолжува Фудбалскиот клуб „Влае„ од Скопје во рок од 30 дена да достави решение од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија за вршење дејност спорт – фудбал.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС**
**Седница од 16.04.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „БОРЕЦ„ Велес: Јовановска Александра, по член 35/1.
ФК „БАБУНА„ С. Мартолци: Тошевски Драганче, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат.**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите Тодоров Давид од ФК „Брегланица 2008 АД„ од Штип и Мирчев Филип од ФК „Гемиции„ од Велес за ФК „Борец 1919„ од Велес по член 36/1, бидејќи се спортивни од Одлуката на Управниот одбор на ФФМ број 0202-1008/1-4 од 15.04.2014 година (не се регистрираат фудбалери во последните 7 кола од распоредот на лигите каде што се натпреваруваат по сите членови од Правилникот за регистрација на ФФМ, освен по член 35/1. Истовремено пријавите на фудбалерите не се уредни и тоа: немаат потпис од секретар на клубот, немаат потписи од фудбалрите и нивните родители (бидејќи се малолетни - немаат наполнето 18 години) и нема печат од фудбалскиот клуб „Борец 1919„ од Велес на пријавите за регистрација.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-964/1

Втора МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 17.04.2018 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 17.04.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 20 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 17/18 помеѓу, ФК ТЕТЕКС АД - КФГ ГОСТИВАР АД, ја констатира следната фактичка состојба: Зендели Мерсим –Тренер на Голмани на КФГ Гостивар АД се предава на ДК на ФФМ поради исклучување заради вулгарен однос кон судиската четворка во 55 минута од натпреварот во рамките на 20 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу ФК Тетекс-ГФК Гостивар одигран во Тетово на 14.04.2018 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-965/1

Прва МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 17.04.2018 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 17.04.2018 година донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - Струмица се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 27 коло на Прва МФЛ 17/18 помеѓу, ФК СИЛЕКС АД - ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД, ја констатира следната фактичка состојба: Николов Томе –Претставник на ФК Академија Пандев АД се предава на ДК на ФФМ поради исклучување поради неспортско однесување во 57 минута од натпреварот во рамките на 27 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Силекс-ФК Академија Пандев одигран во Кратово на 15.04.2018 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД -
- Струмица
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-966/1

Прва МФЛ: 2017 - 2018

Скопје: 17.04.2018 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 17.04.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - Струмица се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 27 коло на Прва МФЛ 17/18 помеѓу, ФК СИЛЕКС АД - ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД, ја констатира следната фактичка состојба: Миловановиќ Даниел со ИД 101837 фудбалер на ФК Академија Пандев АД од Струмица се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт-црвен картон (прв во 38 мин поради недозволен старт и втор во 51 минута поради недозволен старт) во рамките на 27 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Силекс-ФК Академија Пандев одигран на 15.04.2018 година во Кратово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД -
- Струмица
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

Фудбалска Федерација на Македонија

Бр. : 18-843/1-6.1

Датум година 29.03.2018

Врз основа на член 24 од статутот на ФФМ,Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ постапувајќи по службена должност врз основа на член 35 од Пропозиции за натпреварување во Втора Футсал лига,на натпреварот помеѓу КМФ ШКЕНДИЈА-КМФ ТОРПЕДО кој требаше да се одигра на ден 23.03.2018 година според член 80 и 81 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 29.03.2018 донесе:

# *ОДЛУКА*

1. Натпреварот КМФ Шкендија–КМФ Торпедо во Втора Футсал Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на КМФ Шкендија по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. КМФ Торпедо од Кочани се предава на понатамошна дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од **19** коло Втора футсал лига помеѓу КМФ Шкендија-КМФ Торпедо со службен резултат **3-0** за **КМФ Шкендија од Тетово** кој требаше да се одигра на ден 23.03.2018 година во 19,30 часот во Тетово.По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на КМФ Торпедо од Кочани не отпатувала и не одиграле натпревар во Тетово.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за молби и жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**
- КМФ "Шкендија"-Тетово
- КМФ"Торпедо"-Кочани

- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Комисија за Мал Фудбал
Претседавач
Добре Иванов с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Бр. : 18-939/1-6.1

Датум година 11.04.2018

Врз основа на член 24 од статутот на ФФМ,Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ постапувајќи по службена должност врз основа на член 35 од Пропозиции за натпреварување во Прва Футсал лига,на натпреварот помеѓу КМФ АСТИБО-КМФ ЦИКО кој требаше да се одигра на ден 05.04.2018 година според член 80 и 81 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 11.04.2018 донесе:

# *ОДЛУКА*

1. Натпреварот КМФ Астибо–КМФ Цико во Прва Футсал Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на КМФ Астибо по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. КМФ Цико од с.Стојаково се предава на понатамошна дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од 21 коло Прва футсал лига помеѓу КМФ Астибо-КМФ Цико со службен резултат 3-0 за КМФ Астибо од Штип кој требаше да се одигра на ден 05.04.2018 година во 19,00 часот во Штип.По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на КМФ Цико од с.Стојаково не отпатувала и не го одиграле натпреварот во Штип.**

**При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.**

**Поука: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за молби и жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.**

**Доставено до**

- **КМФ “Астибо“-Штип**
- **КМФ“Цико”-с.Стојаково**
- **Мак Фудбал**
- **Архива**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Комисија за Мал Фудбал**
**Претседавач**
**Добре Иванов с.р.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 18-939/1-6.2**
**Скопје: 11.04.2018 година**

Врз основа на член 46 од Пропозиции за натпреварување во Прва футсал лига на ФФМ,Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ на седницата одржана на ден 11.04.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**1. КМФ Мал Ајакс од Штип се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.**

**2. Казната тече од 11.04.2018 година**

**3.Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ,врз член 46 од Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига ја казнува екипата на КМФ Мал Ајакс од Штип поради задоцнување на два првенствени натпревари,првиот во рамките на 3 коло Прва футсал лига со екипата на КМФ Астибо од Штип и вториот натпревар во рамките од 21 коло Прва футсал лига со екипата КМФ Велес од Велес.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:**Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на оваа Одлука преку овој орган до Комисијата за жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
-КМФ Мал Ајакс-Штип
-Архива
-Макфудбал
-Сметководтсвото на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Комисија за Мал Фудбал
Претседавач
Добре Иванов с.р.

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801 - 931/2
12.04 2018 год.

Врз основа на член 135 од Статутот на ФФМ, а вв со член 121 и 122 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Мартин Саздов – зам.претседавач, Дејан Бошков- член, Сашка Зердеска-член и Кармен Цилакова - член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-931/1 од 10.04.2018 година против Иловски Дарко со ИД 100573, фудбалер на ФК Борец 1919, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 12.04.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. На **Иловски Дарко** со ИД 100573, фудбалер на ФК Борец 1919 исклучен на натпреварот ФК Борец 1919 – ГФК Осогово, одигран во рамките на 19 коло во Втора МФЛ Исток на ден 07.04.2018 година во Велес, поради втор жолт картон му **се изрекува дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени/куп натпревари.**

2. Дисциплинската мерка тече од 08.04.2018 година.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „ МАКФУДБАЛ".

### О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија на седницата одржана на 12.04.2018 година постапуваше по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-931/1 од 10.04.2018 година против Иловски Дарко со ИД 100573, фудбалер на ФК Борец 1919 од Велес, исклучен од натпреварот ФК Борец 1919 – ГФК Осогово, одигран во рамките на 19 коло во Втора МФЛ Исток на ден 07.04.2018 година во Велес. Фудбалерот е исклучен поради втор жолт картон. По разгледување на предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителниот делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 07.04.2018 година во рамки 19 коло во Втора МФЛ Исток, одигран е натпреварот помеѓу екипите на ФК Борец 1919– ГФК Осогово. Во 83 минута поради играње со рака на играчот Иловски Дарко со ИД 100573, фудбалер на ФК Борец 1919 АД му е покажан втор жолт картон поради што истиот е исклучен од натпреварот. Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

ДН:
ФК Борец 1919 Велес
АРХИВА НА ФФМ
МАКФУДБАЛ

Деловоден број 0801- 931/2

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-932/2
12.04 2018 год.

Врз основа на член 135 од Статутот на ФФМ, а вв со член 121 и 122 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Мартин Саздов – зам.претседавач, Дејан Бошков- член, Сашка Зердеска-член и Кармен Цилакова - член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-932/1 од 10.04.2018 година против Демир Бенјамин со ИД 104173, фудбалер на ФК Скопје АД, врз основа на член 42 став 2 а во врска со член 3 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 12.04.2018 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Демир Бенјамин** со ИД 104173 фудбалер на ФК Скопје АД исклучен на натпреварот ФК Победа АД- ФК Скопје АД одигран на ден 07.04.2018 година во рамки на 26 коло во Прва МФЛ, поради насилничко однесување према противнички играч во прекин на игра, му **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 3(три) првенствени/куп натпревари.**

2. Дисциплинската мерка тече од 08.04.2018 година.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-932/1 од 10.04.2018 година против Демир Бенјамин со ИД 104173 фудбалер на Ф.К.Скопје АД исклучен од натпреварот ФК Победа АД-ФК Скопје АД одигран во рамки на 26 коло во Прва МФЛ на ден 07.04.2018 година, поради насилничко однесување према противнички играч во прекин на игра, ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 07.04.2018 година во рамки 26 коло во Прва МФЛ одигран е натпреварот помеѓу екипите на ФК Победа АД-ФК Скопје АД. Во 90+2 минута од натпреварот играчот со број 17 **Демир Бенјамин со ИД 104173 фудбалер на ФК Скопје АД** е исклучен од натпреварот поради насилничко однесување туркање на противнички играч во пределот на лицето во прекин на игра. Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 42 став 2 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Скопје АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 932/2

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-945/1-1.2

Футсал Втора Лига 2017 - 2018

Скопје: 13.04.2018 Година

Врз основа на член 57 и 59 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Комисија за Мал Фудбал на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 13.04.2018 година донесе:

## ОДЛУКА

1. КМФ"Торпедо"Кочани-се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Казната тече од 13.04.2018 година.

3. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник ја казнува екипа на КМФ "Торпедо" од Кочани поради неодигрување на првенствен натпревар од **19**-то коло во Втора Футсал Лига против екипата на КМФ "Шкендија" од Тетово кој требаше да се одигра на ден 23.03.2018 година во 19,30 во Тетово.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

КМФ"Торпедо"-Кочани

Сметководството на ФФМ

Архива

Мак Фудбал

Дисциплинска Комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801 – 760/3
17.04 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Мартин Саздов-член, Кармен Цилакова-член, Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков - член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-760/1 од 20.03.2018 против ФК Вардар АД Скопје, поради слаба организација – недолично скандирање, националистичко навивање од страна на навивачката група на клубот - Комити, на натпреварот од 24 коло Прва МФЛ помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово одигран на ден 17.03.2018 година, врз основа на член 51 став 1 и 5, член 36 став 1 и 3од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 27.03.2018 поведе дисциплинска постапка, а на седницата одржана на ден 17.04.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Фудбалскиот клуб ФК Вардар АД Скопје **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 750 (седусто-и-педесет) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок од член 51 став 1 и 5, од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и и ФК Ренова АД Тетово во рамки на 24 коло од Прва МФЛ одигран на ден 17.03.2018 година.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Вардар АД Скопје, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, 15-760/1 од 20.03.2018 против ФК Вардар АД Скопје, поради слаба организација – недолично скандирање, националистичко навивање од страна на навивачката група на клубот - Комити, на натпреварот од 24 коло Прва МФЛ помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД Тетово одигран на ден 17.03.2018 година, врз основа на член 51 став 1 и 5, член 36 став 1 и 3од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 27.03.2018 поведе дисциплинска постапка.
Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 17.03.2018 година во рамки на 24 коло од Прва МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу ФК Вардар АД Скопје и ФК Ренова АД

Тетово   во Скопје, на Арена Филип Втори Македонски со почеток во 14.00 часот. Во 20 та минута од натпреварот навивачката група на гостите - Комити , започнале со недолични скандирања, за што биле опоменати од страна на официјалниот спикер. Опоменатата не влијаела на однесувањето на навивачката група на клубот домаќин, по што во 35та минута од натпреварот делегатот побарал, преку четвртиот судија да се прекине натпреварот. Прекинот траел 2 минути по што навивачката група не продолжила со недолични скандирања до крајот на натпреварот.  Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од  член 36 став 2 и 3  од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ.  Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник,  ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршоци не настанале и не биле предизвикани штетни последици, по што изрече казна  како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

**Ф.К. Вардар АД Скопје**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**
**Натпреварувачка**
**Судиска**

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801 - 888/3
17.04 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Мартин Саздов –член, Сашка Зердеска-член, Кармен Цилакова-член и Дејан Бошков - член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-888/1 од 03.04.2018 против ФК Пелистер АД Битола, поради користење пиротехнички средства, фрлање тврди предмети во терен, неспортско навивање на и извикување слогани со навредлива содржина на национална основа и влегување на неслужбено лице на терен, на натпреварот помеѓу ФК Пелистер АД Битола и ФК Вардар АД Скопје во рамки на 25 коло од Прва МФЛ одигран на ден 01.04.2018 година, на седницата одржана на ден 05.04.2018 година поведе дисциплинска постапка, по што на седницата одржана на ден 17.04.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Фудбалскиот клуб ФК Пелистер АД Битола **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 750 (седумсто-и-педесет) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок од член 51 став 1 и 6 и сторен прекршок од член 49 став 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот помеѓу ФК Пелистер АД Битола и ФК Вардар АД Скопје во рамки на 25 коло од Прва МФЛ одигран на ден 01.04.2018 година.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Пелистер АД Битола, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, 15-888/1 од 03.04.2018 против ФК Пелистер АД Битола, поради користење пиротехнички средства, фрлање тврди предмети во терен, неспортско навивање на и извикување слогани со навредлива содржина на национална основа и влегување на неслужбено лице на терен, на натпреварот помеѓу ФК Пелистер АД Битола и ФК Вардар АД Скопје во рамки на 25 коло од Прва МФЛ одигран на ден 01.04.2018 година, на седницата одржана на ден 05.04.2018 година поведе дисциплинска постапка.
Во врска со поведената дисциплинска постапка, клубот достави изјава во кја наведува дека со фрлање на неколку пиротехнички средства и тврди предмети во теренот во незнчителен обем и број немало предизвикано штетни

последици. Понатака во изјавата се наведува дека клубот ги превзел сите неопходни превентивни мерки за безбедност со цел да осигура безбедно одигрување на натпреварот како и безбедноста пред и по натпреварот, за што бил одржан и состанок со навивачката група, бил изготвен превентивен план и ангажирана Агенција за обезбедување. Сметаат дека клубот ги превзел сите потребни мерки за да ја осигура безбедноста која што при голем број на публика тешко се контролира. Бараат од комисијата при изрекување на казната да ги има предвид олеснителните околнисти.
Врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, Изјава од клубот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: На ден 01.04.2018 година во рамки на 25 коло од Прва МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу ФК Пелистер АД Битола и ФК Вардар АД Градски стадион Под тумбе кафе. Комисијата утврди од списите во предметот дека за конкретниот натпревар биле превземени подготвителни активности од сите инволвирани страни, посебно од клубот домаќин. Во текот на натпреварот имало два инциденти и тоа во 16 минута од натпреварот биле фрлени димни бомби на теренот, по што натпреварот бил во прекин 2 минути. Во 90та минута од натпреварот, на теренот нстанала мешаница помеѓу двете екипи, која не ескалирала, меѓутоа ваквата состојба била искористена од еден навивач на домашната екипа кој прескокнувајки ја оградата го претрчал теренот кон трибината која што е во изградба. Во истиот период од страна на навивачката група на теренот биле фрлени шишиња со вода и ситни пари.
Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, како и прекршок од член 49 став 1 од Дисциплинскиот правилник. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршоци не настанале и не биле предизвикани штетни последици, утврди дека постојат олеснителни околности и дека и со ублажена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што изрече единствена за сторените прекршоци, согласно член 3 како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:Ф.К. Пелистер АД Скопје**

**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**
**Натпреварувачка**
**Судиска**

Деловоден бр. 0801-888/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801 - 923/3
17.04.2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов-член, Дејан Бошков-член, Кармен Цилакова - член и Сашка Зердеска- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-923/1 од 05.04.2018 година против Јован Јовановски помошен тренер на ФК Силекс, исклучен поради за неспортско однесување кон главниот судија, на натпреварот одигран во рамки на 21 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО и ФК ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА на ден 04.04.2018, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ поведе постапка на ден 05.04.2018 година, по што на 17.04.2018 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Јован Јовановски помошен тренер на ФК Силекс, исклучен поради за неспортско однесување кон главниот судија, на натпреварот одигран во рамки на 21 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО и ФК ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА на ден 04.04.2018, му се изрекува дисциплисна мерка – Забрана за вршење на функција во траење од **2 (два) натпревари, поради сторен прекршок од член 35 став 1 и 2** од ДП на ФФМ.
2. Казната тече од 05.04.2018 година.
3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. бр. 15-923/1 од 05.04.2018 година против Јован Јовановски помошен тренер на ФК Силекс, исклучен поради за неспортско однесување кон главниот судија, на натпреварот одигран во рамки на 21 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО и ФК ПЕЛИСТЕР АД БИТОЛА на ден 04.04.2018 донесе, поведе постапка на ден 05.04.2018 година.

Пријавениот достави изјава во врска со настанот во која наведува дека во 90+2 минута од натпреварот помеѓу ФК Силекс и К Пелистер бил отстранет од терен од страна на главниот судија поради наводно вулгарно однесување од негова страна, понатака во изјавата наведува дека главниот судија во текот на натпреварот судел провокативно кон неговата екипа, поради што тој му се обратил на судијата, меѓутоа не го навредил.

Дисциплинската комисија по разгледување на списите во предметот и тоа: Записник од натпреварот, Изјава од судијата, Изјава од пријавениот и дополнителен делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба. На ден 04.04.2018 година одигран е натпреварот од 21 коло од Прва МФЛ помеѓу ФК Силекс АД Кратово и ФК Пелистер АД Битола во Кратово на Стадоното Силекс, со почеток во 15.00 часот. Во 90+2 минута од натпреварот од страна на главниот судија од терен поради вулгарно однесување кон судијата отстранет е тренерот на ФК Силекс АД Кратово. По отстранувањето истиот веднаш го напуштил теренот, меѓутоа неговото однесување кон главниот судија продолжило и по натпреварот во службените простории.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека од страна на пријавениот е сторен прекршок од член 35 став 1 и 2 од ДК на ФФМ. При одмерување на казната, дисциплинската комисија ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:** ФК Силекс АД Кратово; Јован Јовановски, преку клубот;Комисија за натпревари;Судиска комисија ; АРХИВА НА ФФМ; МАКФУДБАЛ.

Деловоден бр. 0801- 923/3

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**